# КУД "Гоце Делчев"
# Босилово
# М а к е д о н и ј а





тел.моб. : 071 239-771
тел.моб. : 071 85 99 33
тел. : 034 371-222
e-mail : kud_gocedelcev@yahoo.com

# ИСТОРИЈАТ НА КУД "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - БОСИЛОВО

Историјата на КУД (Културно Уметничко Друштво) "Гоце Делчев" Босилово, започнува во 1945г. со поставување на првата пиеса изведена на македонски јазик, *"Печалбари"* од Антон Панов, во просториите на училиштето во Босилово, тогаш во рамките на СФРЈ. КУД низ годините се менуваше како организационо, така и квалитативно, па токму затоа секогаш успеваше да ја остварува својата главна мисија и цел: **зачувување и промоција** на македонските традиционални ора, драми, музика и песни, со што го зачувува и крева на повисоко ниво културниот идентитет на македонскиот народ. Низ друштвото поминале над 500 членови од Босилово и регионот, кои учествувале, се обучувале, изведувале и биле дел од друштвото и неговата 60 годишна историја.

КУД со неговите активности создава дух на дружење и забава, заедништво и социјализација, љубов и пријателство помеѓу членови на различна возраст од дедовци до внуци. Исто така, друштвото е "плодна почва" за развој на индивидуалноста и погледите на светот, а со тоа е заслужно и за многу членови, кои продолжиле да се надоградуваат и образуваат и од аматери станале професионалци.





Независно дали тоа се играорци, пеачи, музичари или актери, некои од нив продолжуваат да живеат и егзистираат како врвни уметници во своето поле. Трите главни групи што го сочинуваат друштвото - ***играорна***, ***пеачка*** и ***драмска***, низ постоењето, продолжуваат да ја шират културната традиција гостувајќи на многу фестивали и натпревари, не само во Македонија, туку и во странство: Србија, Хрватска, БиХ, Бугарија, Швајцарија, Германија итн., со реална амбиција да се посетат и други земји од македонската дијаспора низ светот.

Во моментот КУД има околу 120 активни членови во трите групи. Но, прием на нови членови е отворено за секој кој е заинтересиран за уметност, култура и традиција. Со што, уште еднаш се докажува грижата на друштвото за развој и обнова, зачувување и промоција на македонското културно наследство.

## Играорна група - Изворни и стилизирани македонски ора

Играорната група е разделена на 4 подгрупи, во зависност од возраста и искуството: пионери, јуниори, сениори и ветерани. Играорната група изведува многубројни традиционални македонски ора, чии што кореографии потекнуваат од различни краеви на Македонија. Секое оро раскажува приказна за регионот од кој потекнува, која е пренесувана од колено на колено.

Еве неколку наслови: *"Сплет"* од песни и ора од Повардариeто, *"Седенка"* сплет од источна Македонија *"Комитско"* комитско оро од периодот на окупација под Османлиската Империја, *"Тресеница"*, *"Водарки"*, *"Осоговка"*, *"Цвеќеберачка"*, *"Жетварка"* итн.

**Пеачка група - Изворни и староградски македонски песни**
**Мешана пеачка група**

Пеачката група се содржи од 3 подгрупи: машка, женска и мешана. Различни песни, во зависност од содржината, се изведуваат од различни групи.
Сите заедно изведуваат над 70 стари традиционални македонски песни, од кои има и македонски староградски песни. Еве неколку наслови: *"Бог да го прости Миле Поп Орданов", "Зачукале тапаните", "Каљо Каљино", "Во Влашкото маало", "Под кулите на Струмица"* и многу други. Пеачката група има издадено едно CD и едно DVD. Во моментот се работи и за издавање на трето CD, во кое ќе бидат вклучени околу 10-ина песни изведувани од мешаната група.



## Драмска група

Во текот на цела историја на КУД, драмската група има изведено над 40 претстави за кои има добиено повеќе награди, благодарници и пофалби.
Во последно време, групата ги има поставено пиесите: *"Железна младост", "Бог да ја прости тета", "Марина - црното изгрејсонце", "На отворено море", "Новогодишни сулендари"* и др. А во 2008г. беше поставена претставата *"Македонски еротски приказни"* со која се направи прекрасен спој од трите групи.

